**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-389/**

# З А П И С Н И К

**Од 134-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 28.01.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим,Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>Ивана Трајковска и д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата,134-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:30 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 133-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и заменик на Директорот на МРТ.

3. Разгледување Информација за доставени Изјави за неспоивост на функции од членовите на Надзорниот одбор на МРТ.

4. Разно.

Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија предложи согласно член 3 од Деловникот за работа на Програмскиот совет на МРТ да се продолжи на затворена седница.

● ЗА гласаа: **6** члена,
● ПРОТИВ гласаа:**2** члена,
● ВОЗДРЖАН гласаа: **3** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **го усвои** Предлогот на Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија за затворена седница.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 133-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ го стави на разгледување записникот од 133-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 133-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 133-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и заменик на Директорот на МРТ.**

По однос на оваа точка беше предложен **Заклучок:**
• Програмскиот совет на МРТ го разгледа и смета дека е соодветно и сеопфатно барањето за афтентично толкување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со архивски број на Собранието на РСМ бр.08-494/1 од 26.01.2021 година.
Програмскиот совет на МРТ целосно ќе го почитува одговорот на ова (или доколку има друго соодветно) автентично толкување и целосно ќе ги примени насоките дадени во толкувањето од Собранието на РСМ,за кое смета дека е најмеродавно и најкомпетентно,а кое се однесува за избор на Директор и заменик на Директорот на МРТ.
-Предложениот Заклучок со 10 (десет) гласвои **ЗА** и 1 (еден) **Воздржан** глас беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

● По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ ја стави на гласање Одлуката за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и заменик на Директорот на МРТ.

Врз основа на член 130 став 6 и став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и Сл.весник на РСМакедонија бр.42/20),и член 55 од Статутот на ЈРП Македонска Радио Телевизија, Програмскиот совет на МРТ на својата--------та седница одржана на ден 00.00.2021 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за распишување на јавен конкурс**
**за избор на Директор на МРТ**
**и заменик на Директорот на МРТ**

**I.** Да се распише конкурс за избор на Директор на МРТ и Заменик на Директорот на МРТ,според условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ.

**II.** Директорот на МРТ и Заменикот на директорот на МРТ се избираат за период од 3 (три) години со можност за повторен последователен избор.

**III.** Кандидатите што ќе се пријават треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да се државјани на Република Македонија;
- да имаат високо образование;
- да поднесат Програма за работа на МРТ за период од 3 (три) години;
- да имаат над 5 (пет) години работно искуство во областа на комуникологијата, новинарството, електронските комуникации, информатиката, културата, економијата или правото.

**IV.** Кандидатите на јавниот конкурс со пријавата треба да достават:

- Уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);
- Програма за работа на МРТ за период од три години;
- Диплома за завршено високо образование (оригинал или копиа заверена на нотар)
- Кратка биографија;
- Потврда за пет години работно искуство во областа на комуникологијата, новинарството, електронските комуникации, информатиката, културата, економијата или правото.

**V.** Кандидатите на јавниот конкурс кон пријавата и соодветните докази за исполнување на бараните услови во еден плик, доставуваат и Програма за работа на МРТ за период од три години во друг плик, потпишан со шифра чие дешифрирање е во првиот плик.
Пријавата и програмата за работа се доставуваат во пликови А3 формат со назнака: "За конкурс за избор на Директор на МРТ“, односно “За конкурс за избор на Заменик на Директорот на МРТ“.

**VI.** Конкурсот да се објави на програмите на МРТ и ВЕБ страницата на МРТ и во најмалку два дневни весници во РМ од кои еден на македонски јазик и еден на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот.

**VII.** Конкурсот трае 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавувањето во дневниот печат.
Пријавата со потребните документи се доставуват во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на конкурсот, во затворен плик со назнака:
" За учество на конкурсот за избор на “Директор на МРТ “ односно " За учество на конкурс за избор на Заменик на Директорот на МРТ"
на следнава адреса:
**ЈРП Македонска Радио Телевизија**
**бул. " Гоце Делчев" бр.18 Скопје**

■ **Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и заменик на Директорот на МРТ** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **2** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **9** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ и заменик на Директорот на МРТ **не е усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3:**Разгледување Информација за доставени Изјави за неспоивост на функции од членовите на Надзорниот одбор на МРТ.**
По оваа точка беа разгледани пристиганитите Изјави за неспоивост на функции од членовите на Надзорниот одбор на МРТ.

**ТОЧКА 4: Разно.**
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ предложи наредна седница на Програмскиот совет на МРТ да се одржи на 03.02.2021 година.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател